ФУЛМ

ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ЗА ЛУЃЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

***FOR IMMEDIATE RELEASE***
October 19, 2006
Press office: +389 (0)2 3115-244
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## Одбележан интернационалниот ден на штедно кредитните унии

Штедилницата ФУЛМ со седиште во Скопје денес со големо задоволство го прими својот 6000-ти член кој беше и награден за да се одбележи стабилниот раст во развојот на кредитната унија во Македонија. Штедилница ФУЛМ основана со финансиска помош од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за Меѓународен развој (УСАИД) и техничка помош од Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU), денес брои шест филијали, 6,000 членови и депозити во македонски денари чија вредност изнесува преку 121 милион денари.

"Денес повеќе од 157 милиони членови, во 92 земји во светот го слават интернационалниот ден на штедно кредитните унии. Сите ние, членови од целиот свет, имаме иста цел: се стремиме да создадеме поразличен свет - штедно кредитни унии. Да продолжиме да чекориме напред, во пресрет на потребите и желбите на нашата заедница и светот околу нас, претворајќи ги зборовите во акција на патот што напорно го пробија пионерите на штедно кредитните унии. Горди сме што сте и Вие дел од нас", беше пораката упатена до сите членови на Штедилница ФУЛМ.

Штедилница ФУЛМ го одбележа интернационалниот ден на штедно кредитни унии со организирана прослава во градот Струмица, чиј домаќин беше филијалата Муртино. Од наградите кои беа доделени се наградите за волонтерите од филијала Муртино и од филијала Тиквешија за посветеноста и извонредните перформанси како дел од тимот на ФУЛМ, награда за првиот вработен во Штедилница ФУЛМ за постигнатите резултати во изминатите 7 години, награда на вработените од филијала Тиквешија за придонесот, поддршката и високо остварените перформанси во работењето на филијала Тиквешија во 2006 година и награда за 6000-от член на Штедилница ФУЛМ.

## Белешка до уредниците

*Штедно кредитните унии се кооперативи кои обезбедуваат еднаков глас и финансиска сигурност за повеќе од 157 милиони членови во 92 земји во светот. Тие се поседувани и управувани од членовите, претставувајќи безбедно место за штедење и овозможувајќи лесен пристап до кредитни услуги. Штедно кредитните унии интернационално, се признаени како сила која се стреми кон позитивни економски и социјални промени и кои постигнаа голем успех кај сите нации. Тие се формирани врз база на принципот еден член/еден глас, овозможувајќи им ја на членовите можноста директно да ја искусат демократијата.*